Врз основа на член 37 став (1) точка 1) алинеја 1) од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Македонија“ бр. 96/18, „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19, 236/22, 134/24 и 147/24), член 109 став (2) од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр. 124/15) и член 10 од Правилата за постапување по приговори и разрешување на спорови („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 255/23), Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија на седницата одржана на 18 јули 2024 година донесе

# Р Е Ш Е Н И Е
## за отфрлање на приговор

1. Приговорот на Лазе Стоименов од Гевгелија УП2 бр.09-261/24 од 17 мај 2024 година против Решение за согласност за приклучување на електродистрибутивната мрежа на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје бр. 11-292 од 3 октомври 2022 година СЕ ОТФРЛА ПОРАДИ НЕДОПУШТЕНОСТ.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а се објавува на веб-страницата на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија.

### О б р а з л о ж е н и е

Лазе Стоименов од Гевгелија до Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика) поднесе Приговор УП2 09-261/24 од 17 мај 2024 година против Решение за согласност за приклучување на електродистрибутивната мрежа на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје (во понатамошниот текст: Електродистрибуција) бр. 11-292 од 3 октомври 2022 година на КЕЦ Гевгелија, против третманот на нестандарден приклучок како и висината на трошокот утврдена во решението, поточно 101.812,00 денари за приклучок од 11kW.

Според жалителот – четири бандери се поставени пред околу 6 години и истите се изградени од негова страна и уште две лица (за што во прилог се доставени соодветни изјави). Другите две лица се приклучени од таа мрежа и третманот им е стандарден приклучок, па потенцира дека треба и неговиот приклучок да биде стандарден.

Според Електродистрибуција – приговараното Решение е издадено на име Дафинка Стоименова од Гевгелија, за кое е поднесен приговор до Регулаторната комисија за енергетика под УП2 09-37/23 од 28 февруари 2023 година и за истиот е донесено Решение за одбивање на Приговорот УП2 09-37/23 од 27 април 2023 година, а Решението бр. 11-292 од 3 октомври 2022 година на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје е потврдено.

На седница на Комисијата за постапување по Приговори од 1 јули 2024 година се разгледуваше следната документација:

1. Приговор УП2 09-261/24 од 17 мај 2024 година со прилог:

-Приговараното Решение
-Изјава од Илија Темелков од Гевгелија од 22 април 2024 година
-Изјава од Стево Поп-Ристов од Гевгелија од 8 април 2024 година
-Еднополна шема
-Имотен лист

2. Одговор на Приговор и дополнителни докази од ЕВН од 20 јуни 2024 со прилог:
-Решение за одбивање на Приговор УП2 бр. 09-37/23 од 28 февруари 2023 година

и на седницата се заклучи Приговорот да се разгледува на наредната седница со физичко присуство на двете страни, при што на седница одржана на 12 јули 2024 година присутните ги изнесоа следните наводи:

Жалителот остана кон наводите изнесени во Приговорот.

Претставниците на Електродистрибуција потенцираа дека за приговараното Решение е веќе водена постапка по Приговор пред Регулаторната комисија за енергетика и за овој предмет веќе е донесено Решение за одбивање со што сега приговараното Решение е потврдено од страна на Регулаторната комисија за енергетика. Во однос на столбовите, потенцираат дека столбовите кои жалителот ги наведува се внатрешна инсталација за приклучоци кои во 2014 година се реализирани со третман на нестандардни приклучоци

Регулаторната комисија за енергетика при разгледувањето на Приговорот утврди дека истиот е недопуштен.

Имено, за приговараното Решение бр. 11-292 од 3 октомври 2022 година на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје е веќе водена постапка по Приговор и истото е потврдено со Решение за одбивање на Приговорот со УП2 бр. 09-37/23 од 28 април 2023 година.

Имајќи го предвид горенаведеното, се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поведе управен спор во рок од 30 дена од денот на приемот на истото.

**УП2 бр.09–261/24**
**18 јули 2024 година**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на**
**на Република Северна Македонија**
**Марко Бислимоски**